


ЕВН е компанија чија главна дејност е дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна од 2006 година како дел од групацијата EVN. Во изминатите 15 години на овој пазар, ЕВН се стреми кон одржување на високата професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

---

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Во одделот Планирање и набавка на енергија, Група Набавка на енергија и управување со балансна група потребен/а е специјалист/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО БАЛАНСНА ГРУПА (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Изработка на енергетски биланси и извештаи;
- Спроведување и учество во постапки за набавка на електрична енергија на отворен пазар;
- Изготвување на договори за набавка на електрична енергија за потребите на компанијата;
- Изработка на бизнис модели за оптимизација на енергетско портфолио на компанијата;;
- Анализа на пазарите на енергија во регионот, прекугранични капацитети, цени на електрична енергија;
- Управување со балансни групи, пресметка и алокација на трошоци за балансирање;
- Развој на стратегии за набавка на електрична енергија на отворен пазар;

**Потребни компетенции**

- Високо образование со завршен VII-1 степен / 240 ЕКТС на факултетите:
  - ЕТФ / ФЕИТ- (студиска програма: ЕЕС; ЕАОИЕ; ЕЕУМ; ИЕЕА),
  - Машински факултет-(студиска програма: Енергетика и екологија; Индустриско инженерство и менаџмент)
  - ПМФ Институт за математика - (студиска програма: Применета математика; Математичка економија; Математичко програмирање);
- Минимум 3 (три) години работно искуство
- Одлично познавање на MS Office;
- Солидно познавање на Англиски и/или Германски јазик;
- Аналитички вештини и работа со податоци;
- Познавање на пазарот на електрична енергија во МК;
- Развиени комуникациски вештини;

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 17.09.2021.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување која ќе ја најдете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx.

Евн е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува · encourage охрабрува · enable овозможува